музеј на современа уметност — скопје
musée d'art contemporain — skopje

# изложени слики и скулптури од колекцијата на мсу
# peintures et sculptures exposées de la collection du mac

скопје
skopje 1970

избор, концепција на поставката
стручен колегиум на Музејот на современа уметност

членови:
борис петковски — директор на МСУ
соња абаџиева димитрова — кустос — раководител на одделението за изложбена активност
љубица дамјановска — кустос — раководител на одделението за постојана поставка
слободанка парлиќ — кустос
стојан петровиќ — ликовен соработник

музејот на современа уметност во скопје ја изразува својата најтопла благодарност кон
сите уметници дарители
сите организации и установи што придонесоа за формирањето и збогатувањето на колекцијата на музејот а особено на
aiap (меѓународно друштво на пластичните уметности)
icom (меѓународен организационен комитет на музеите)
францускиот комитет за помош на скопје
друштвото на полските ликовни уметници
сојузот на полските срхитекти
италијанскиот национален комитет за пластични уметности
националната галерија за модерна уметност во прага
друштвото на ликовните уметници на хрватска
собранието на град скопје
републичкиот секретаријат за образование наука и култура во Скопје
фондот за помагање и обнова на скопје
музејот на современа уметност во белград
галеријата на современа уметност во загреб
уметничката галерија во скопје
музејот на град скопје
народниот музеј во штип
уметниците што ни ги позајмија своите дела за изложување
на сите пријатели и соработници во земјата и странство кои го иницираа основањето на музејот и сестрано го подржаа неговото делување
на сите членови на иницијативниот одбор за основање на музеј на современа уметност и на сите досегашни членови на советот на установата
на сите проектанти и градители на мсу. особено на архитектите в. клишевски, ј. Мокшински и Е. Вјежбицки и градежното претпријатие „пелагонија“

---

le musée d'art contemporain à skopje exprime sa reconnaissance à tous les artistes donnateurs
toutes les organisations et institutions qui ont contribué à la formation et à l'enrichissement de la collection du Musée, surtout à
aiap (association internationale des arts plastiques)
icom (international comité de l'organisation des musées)
comité français pour l'aide à skopje
association des artistes plastiques polonais
union des architectes polonais
comité national italien des arts plastiques
galerie nationale de l'art moderne de prague
association des artistes plastiques de la croatie
assamblée de la ville de skopje
ministère pour l'instruction, la science et la culture de la république
fondation pour aide et reconstruction de skopje
musée d'art moderne de belgrade
galerie d'art contemporain de zagreb
galerie d'art de skopje
musée da la ville de skopje
musée national de štip
les artistes qui ont prêté leurs oeuvres pour l'exposition permanente
à tous les amis et collaborateurs dans le pays et à l'étranger qui ont initié la fondation du musée en soutenant son activité de tous les aspects
à tous les membres du co mité d'initiative pour la fondation du musée d'art contemporain,
à tous les membres du conseil de notre institution et à tous les projeteurs et constructeurs du mac surtout aux architectes w. klyzewski, j. mokrzynski et e. wierzbicki et à g. p. pelagonija,

предговор
préface

# музеј на современа уметност карактер, цели и колекција

Сето денешно постоење на Скопје, по земјотресот од 26 јули 1963 година, е засновано врз еден величествен израз на меѓународната солидарност.
Во таа импресивна фреска, составена од многубројни сочувства со димензиите на една катастрофа е и желбата непосредно да се учествува во лекувањето на нејзините последици, е вткаено и создавањето на Музејот на современа уметност.

## Претпоставки за основање на МСУ

Веќе пред трагичниот настан од 1963 година Скопје претставуваше еден од центрите на ликовниот живот во Југославија. Структурата на дејностите од оваа област на уметничкото творештво беше уште тогаш доста разновидна. Се одржуваа изложби на наша и странска ликовна и применета уметност, а присуството на повеќе десетини ликовни уметници постојано настанети во Скопје се чувствуваше во разни области на јавниот и културниот живот на овој град.
Наспоредно, македонското ликовно творештво бележеше во тој период редица успеси, засновани врз еден сè подинамичен творечки активитет. Поради тоа полека се создаде сознанието за неопходноста од формирање на установа што наполно ќе се ангажира во областа на современите пластични уметности ќе биде способна да одговори на потребата за систематско и организирано спроведување на една долгорочна и стручно профилирана програма.

Потоа, по земјотресот, спонтано се поведе акцијата за подарување уметнички творби на Скопје. Неа ја започнаа прво голем број уметници од Југославија. Така УЛУХ (Удружење ликовних уметника Хрватске), заедно со Југословенската академија на науките и уметностите и Модерната галерија во Загреб, потпомогнати уште од други установи, по своја иницијатива презедоа собирање творби од хрватските уметници. Беше оформена колекција од над сто творби, собрана во најголем дел уште во првите месеци по земјотресот. Во исто време и други уметници од земјата и од странство, му подарија на Скопје поголем број свои творби: Петар Лубарда му предаде над 20 свои слики, колекционерот Герхард Ледиќ изделі повеќе дела на наивни уметници од Југославија од својата колекција за да му ги упати на овој град.

Од својот конгрес, одржан во октомври 1963 година во Њујорк, Меѓународното здружение на пластичните уметности (AIAP) упати апел до сите уметници во светот, преку подароци на уметнички дела да ја изразат својата солидарност со Скопје.
Уште пред тоа оделни истакнати личности од нашиот политички и јавен живот: Крсте Црвенковски, Благоја Попов, Драгољуб Ставрев, Кемал Сејфула и др., пројавија особен интерес за веднаш да се пристапи кон организирано раководење на акцијата за солидарност на уметниците.

Овие два момента: веќе создадениот амбиент за развиток на ликовната уметност и потребата, поради тоа, на македонската култура за едно содржински и според формите повисоко дејствување во оваа творечка област; потоа претпоставките за можниот обем и карактер на иницијативите за подарување на ликовни творби, обусловија град Скопје мошне сериозно и одговорно да пристапи кон остварувањето на оваа замисла. Така, веќе во октомври 1963 година е именуван Ин-

иницијативен одбор за основање Галерија на модерна уметност. Во составот на Одборот влегоа редица истакнати претставници на југословенскиот научен, културен, уметнички и јавен живот.[1]
Иницијативниот одбор со извонредна совесност и залагање, исполни сложена и обемна задача: презеде разновидни мерки за натамошно подржување на акцијата за подарување уметнички творби на Скопје; ја проучи и ја оформи основната физиономија на идната установа, за која реши да биде поставена како Музеј на современата уметност. Во него. Одборот сметаше дека покрај другото треба на најдобар начин да бидат сместени, проучувани и користени ликовните творби добиени од целиот свет; ја изработи првата варијанта на градежната програма за идната зграда на Музејот; приреди неколку изложби на подарени дела и отпечати еден Билтен со преглед на својата дејност итн. итн.
На предлог од Одборот и од Советот за култура, Градското собрание на Скопје го основа Музејот на современа уметност на 12 февруари 1964 година.

## Физиономијата на МСУ

Начелата врз кои се засновува работата на Музејот содржат активен однос кон современите концепции за улогата, карактерот и дејствувањето на музејските установи. Тие начела се сообразени и со специфичниот карактер на неговото раѓање, но и со особеностите, потребите и можностите за дејствување на македонското национално и културно подрачје во областа на пластичните уметности.
Основна цел на Музејот ќе биде изградување на визуелната култура на средината во која дејствува. За да ја постигне, неа, тој се определи за таква акција што ќе го приближи денешниот човек до можноста ангажирано и критички да се однесува кон сите видови пластично или визуелно изразување на современото општество: не само во традиционалните области на ликовната и применетата уметност, туку и во архитектурата, индустрискиот дизајн, фотографијата и филмот. Музејот исто така настојува овие области да ги постави во врска со сите особености на епохата во кои тие се манифестираат, со сите други области на човековото културно и уметничко творење. Конечно, се стреми да го исполни своето дејствување со свеста за целите и улогата што ги има уметничкото творештво во нашата земја: пред сè со логиката дека само врвни естетски вредности и нивното достапно ,,физичко присуство", овозможено со специфични инструменти — педагошки и други, се единствениот фактор за приближување на областа на културата и уметноста до нејзиниот корисник; дека е залудно и бесцелно секакво дејствување што ја заборава потребата осмислено да се исполни просторот меѓу секојдневниот живот и уметничкото творештво.
Музејот, како установа создадена со една широка меѓународна акција, се определи за перманентна одговорност спрема неа во своето дејствување. Тоа значи: високите етички принципи од кои таа произлезе да ги одржува во живот, да ги проширува и претвори во специфичен инструмент за едно интернационално зближување, како придонес кон општата хуманизација на човековото постоење денес.
Од овие трајни аспекти на неговата физиономија произлегуваат основните задачи на Музејот од кои ќе приведам само некои.
Од нив прва е грижата за систематско собирање, чување и разновидно користење на музејски материјал, составен од одбрани творби на современата наша и странска ликовна и применета уметност, индустриски дизајн итн. Во прикажувањето на својот фонд уметнички творби, преку постојната поставка и на други начини, секогаш мора да настојува да биде нагласен меѓународниот карактер на колекцијата на Музејот. За да се дополни овој состав, а во границите на своите можности, установата прикажува актуелни и естетски релевантни појави, правци и личности во современите пластични уметности. Во своето дејствување, Музејот му посветува посебна грижа на македонското ликовно творештво. Таа значи систематско научно истражување на неговото минато, следење и поттикнување на неговиот современ растеж, осмислувајќи го и на тој начин своето постоење во нашата национална и културна средина.
Основните музеолошки дејности Музејот ги дополнува, поставувајќи ги во рамноправен однос, со дејности од друг карактер: разновидни предавања, симпозиуми;

---

[1] Кемал Сејфула, претседател; Борис Петковски, секретар; членови: Авramовски Драгутин, Ангели Радовани Коста, Антун Аугустинчиќ, Банде Михаил, Бек Божо, Бихаљи Ото-Мерин, Богданов Петре-Кочко, Велков Иван, Грна Новак, Ѓеорѓиев Ванчо, Јаковлевски Трпе, Кондовски Димитар, Кржишник Зоран, Личеноски Лазар, Лубарда Петар, Мазев Петар, Мартиноски Никола, Милосављевиќ Пеѓа, Момировски Томе, Нандор Глид, Петревски Ордан, Прегељ Марија, Протиќ Миодраг, Србиновиќ Младен, Тартаља Марино, Тодоровски Димо, Томовски Крум, Хаџи-Бошков Петар, Џамоња Душан, Брезовски Славко.

прикажување на филмови од областа на уметноста и одбрани уметнички филмови; приредување специфично подготвени музички и сценски изведби и вечери на поезијата; организирање стручно раководени групни посети на изложби, ателијеа, модерни архитектонски градби итн.

## Досегашната дејност на Музејот

Во изминатиот период Музејот водеше посебна грижа за акцијата за подарување ликовни творби на Скопје. Неа тој ја разбра како можност да се оформи одбрана колекција на современи ликовни творби, создадена од уметници од најразлични културни средини, естетски и ликовни ориентации. Разбирањето за еден ваков напор беше извонредно, неочекувано големо и значајно по своите резултати. Во редица земји цели организации, посебни комитети, установи и поединци станаа носители и реализатори на идејата за основање на Музејот: во Италија — Националниот комитет на пластичните уметности, на чело со господата Енрико Паулучи и Марио Пенелопе и госпоѓата Палма Букарели, директор на Националната галерија за модерна уметност во Рим; во Франција — Комитетот за помош на Скопје, посебно господинот Жан Касу, бивш директор на Националниот музеј за модерна уметност во Париз, потоа господинот Жак Дусе, сликар, госпоѓата Жаклина Селц и господинот Ивон Тајандје и др.; во Англија — господата Денис Бовен, Кенет Куц Смит, Питер Бирд и Џес Ваткинс; во Чехословачка — д-р Јиржи Коталик, директор на Националната галерија во Прага; во Полска, Германската Демократска Република и Чехословачка — сојузите на ликовните уметници. Музејот им ја должи ним својата особена благодарност, за исклучителното залагање и помош во создавањето на неговата колекција. Посебно се возбудливи поединечните реакции на голем број уметници, меѓу кои има мошне значајни имиња на современата светска уметност. Нивниот придонес, и по својата вредност, а често и по својот обем, е впечатлив. Од многуте нека ни биде дозволено да ги споменеме имињата на Пикасо, Хартунг, Калдер, Кемени, Вазарели, Сулаж, Бај, Дивие, идр. од разни странски земји, и Лубарда, Челебоновиќ, Петлевски, Прегељ, Ќелиќ, Србиновиќ идр. од Југославија. За одбележување е дека принципите што ја раководат оваа акција се чинат осмислени и погодни и за натамошно нејзино траење, бидејќи произлегуваат од некои трајни етички и хуманистички аспирации на денешното напредно човештво и на современата уметничка свест. На овој начин создадената колекција содржи специфичности што ја изделуваат од редица други музеи од ваков карактер, ја прават особено важна и за ликовната уметност во Југославија и за поширокото балканско подрачје.[2]

Структурата на досега организираните изложби е обусловена од настојувањето за една активна и одговорна реакција на обврските и можностите што произлегуваат од досегашното постоење на Музејот.[3] Пред сè, систематски е прикажувано сè што му е подарено на Музејот, преку помали и поголеми изложби ,во редовната дејност или во рамките на Средбата на солидарноста, во која Музејот учествуваше со свој посебен дел. Овие прикази, организирани во Скопје и во други градови, овозможија публиката, веќе пред отворањето на новиот Музеј, да се запознае со неговата колекција, да ги оцени и да им оддаде признание на многубројните придонеси. За установата изложбите значеа и можност за опстојно проучување на она што го поседува, да се определат неговите реални димензии и вредности. Од самиот почеток таа континуирано прикажува наши и странски уметници, низ изложби на ликовна и применета уметност, уметничка фотографија, индустриски дизајн итн. Водена е грижа овие манифестации да опфатат квалитетни и актуелни остварувања. Низ изложбената дејност е спроведена интенцијата за внимателна, постојана свртеност и третман на македонското ликовно подрачје. Така, Музејот приреди неколку значајни самостојни и колективни изложби со кои го претстави него во редица културни центри на Југославија и во неколку други земји (Италија, Франција, Германија, Турција идр.).

Меѓу сите овие манифестации за одбележување се приказите на творештвото на уметниците од Југославија: Муртиќ, Генералиќ, Берник, Хаџи Бошков, Шијаковиќ, Ќелиќ, Мазев, Прица, Прегељ, Ружиќ, Хегедушиќ, Мартиноски, Лого, Дамњановиќ, Оташевиќ, Рељиќ, Грабул идр.; групните прикази на подарените дела за италијанскиот град Вајонт; на Македонската применета уметност; на Актуелните тенденции во македонското творештво; изложбата на Современата македонска уметност во Белград, Загреб, Сараево идр.; на графичкото и сликарското творештво на странските уметници Зигаина, Пикасо, Казарела, Хартунг, Ана Ева Бергман; групните прикази на графики и на слики на совре-

[2] Види прилог табела бр. 2 за составот на колекцијата.
[3] Види прилог табела бр. 1

мени автори од Чехословачка, Западна и Источна Германија, Белгија, Полска, Унгарија, САД, Италија, Франција итн. Меѓу нив се изделува изложбата на Одбрани дела од Мајскиот салон од Париз (1966). Сите изложби беа замислени и како фокус на културни акции почнувајќи од изработка на каталози, до организирање на соодветни предавања, средби со уметниците, литературни и музички рецитали, прикажување пригодни филмови и сл.

Посебно место во оваа активност на Музејот зазема Меѓународната изложба на карикатури, која тој ја организира во заедница со хумористичкиот весник „Остен" од Скопје. Таа е досега два пати приредена (1969 и 1970), во рамките на Средбата на солидарноста. Преку неа градот се здоби не само со една значајна манифестација, туку и со веќе доста голема и интересна колекција на современа карикатура. Голем дел од изложбите на странската и нашата уметност, беа од Скопје пренесувани во други установи во Македонија и надвор од неа, со што Музејот стана еден од инструментите за овозможување на една поширока информираност за најактуелните настојувања во оваа област.

Комплексната физиономија на Музејот, сложената и разновидна структура на неговата колекција, обусловија тој со голема одговорност да се однесува кон проблемот на изградување и постојано усовршување на една што посериозна и обемна документација.

Со извонредна смисла за соработка, сите дарители му доставија на Музејот детални податоци и информации за своето творештво, што овозможи да се пристапи кон првата етапа во устројувањето на стручниот архив и документација на Музејот. Голема поддршка е добиена и од редица установи од земјата и од странство, во вид на разновидни каталози и публикации. На тој начин е зачнато и формирањето на библиотеката на установата. Се собира, се средува и се обработува разновидна документација што се однесува на историјата на современата македонска ликовна уметност.

Издавачката дејност на Музејот досега се изрази во печатење на каталози за поединечни и групни изложби и на публикации, во вид на каталози, за подарените дела во колекцијата на Музејот. Издадени се два билтена, а се подготвуваат нови броеви. Се подготвува издавањето на првиот Зборник на Музејот, на менет пред сè на современата македонска уметност. Сите публикации се печатени и на најмалку еден странски јазик.

Мошне е широка соработката на Музејот со значителен број установи во земјата и надвор од неа. Таа има разновидни облици: заедничко организирање на изложби, стручна асистенција од различен карактер, а меѓу другото, во поглед на скопскиот Музеј се изразува и со морално или непосредно поддржување на неговата акција, за компонирање на една колекција со одбрани дела на ликовни уметници од разни земји во светот.[4]

### За зградата на Музејот

И самата градба на новата зграда на Музејот е обележена со духот на меѓународната солидарност спрема Скопје. Полската влада, во договор со Собранието на град Скопје, реши на своја сметка, а преку Здружението на полските архитекти, да организира национален конкурс за нејзиниот проект и да ја финансира изработката на сета неопходна техничка документација. Конкурсот е спроведен во 1966 година, со учество на 89 проекти што одговараа на неговите потреби. Меѓу нив е одбран трудот на тројца архитекти: Мокшински, Клишевски, Вјежбицки. Нивниот проект најмногу се совпаѓаше со основните елементи изложени во концепцијата на градежната програма за зградата на Музејот: примена на современи музеолошки принципи за функционална и архитектонско-естетска хомогеност на зградата; овозможување што поголема флексибилност на корисниот простор, сообразеност со потребите и можностите на Скопје согледани во една перспектива итн.

Овој град ги обезбеди сите средства за целосно довршување и опрема на овој значаен објект. Новата зграда, извонредно логична и архитектонски кохерентна целина, овозможува идната дејност на Музејот да ја добие својата полна материјална заснованост. Во неа ќе може конечно да се пристапи кон доследно реализирање на целите и задачите на Музејот, во духот на високите принципи врз кои е создаден. Системот на неговите дејности ќе ја комбинира професионалната и научна совесност, со ангажиран и одговорен пристап кон сите актуелни феномени од областа на дејствувањето на Музејот. Посебна задача ќе биде установата активно да се вклучи во некои значајни процеси што треба да решат одделни битни проблеми на средината во која таа дејствува; на пример, во напо-

[4] За својата дејност Музејот е награден со Ноемвриска награда на град Скопје за 1965. Неговата активност инаку беше широко следена од нашата и странската јавност. (Види прилог за искажувањата).

рите да се хуманизира, естетски облагороди град Скопје во моментот на неговата интензивна урбанистичка и архитектонска преобразба. Во таа смисла Музејот веќе го даде својот придонес во вид на предизвикување на творечката и културната јавност за потребата од синтеза на ликовните уметности и архитектура во изградбата на Скопје. Тој беше и иницијатор за организирање Меѓународен симпозиум за ликовно обликување на Скопје. Неговото реализирање веројатно ќе следи во најскоро време.

## колекцијата на мсу во првата варијанта на постојаната поставка

### Општи карактеристики на колекцијата на МСУ

1. Формирањето на Музејот како плод на светската солидарност на уметниците ја определи основната стратегија во создавањето на неговата колекција, а особено нејзиниот состав и физиономија. Таа особено во првиот период, претставуваше еден хетероген состав.
Пред сè, реакцијата на дарителите беше разновидна по својот обем. Така, колекцијата содржи творби со кои доста широко се прикажува творештвото на некои земји, во размери со кои скопскиот Музеј може да влезе во редот на најзначајните селекции на дадено национално творештво: таков е случајот, на пример, со југословенското, француското, помалу со италијанското, полското и чехословачкото; од други земји Музејот поседува помал број дела или само поединечни прилози.[4а]
Второ, придонесите на уметниците се различни и по својот ликовен, уметнички квалитет. Причината е колку во различноста на творечките физиономии на дадени автори толку и во нивната можност опстојно да се определат спрема една ваква акција. Во таа смисла Музејот веднаш ја согледа потребата да ги определи битните идејни, естетски, културни и социолошки аспекти на својата физиономија и димензиите на своите перспективи: основно, дека е установа произлезена од еден меѓународен напор да се создаде, без какви и да било предрасудоци од расен, политички и естетски карактер, средба на високи творечки достигања на современата ликовна уметност. Нив тој ги упати кон уметници чие што творештво, претставено во колекцијата, може да се совпадне со една таква цел: кон автори што веќе ја претставуваат „класиката", историската појдовна основа на современата уметност, но исто така и кон оние чие што творештво се создава во овој период кога дејствува и самата установа, кои ја претставуваат авангардната, современата естетска клима. Со тоа значително се измени структурата на колекцијата. Придонесите сè повеќе претставуваа не само благородно одговарање на еден морален поттик, туку и високи ликовни остварувања, репрезентативни избори од дадено творештво, во кои се изразени актуелни стремежи, движења и правци, присутни во поновото ликовно творештво во Европа и во светот.
2. Во мошне скромни размери, ограничени засега со мошне малите финансиски можности, Музејот се обидуваше структурата на својата колекција да ја изградува и со откупи на творби за кои беше заинтересиран во врска со концепцијата на својата колекција и на своето дејствување. Меѓутоа, тој можеше да откупува творби само од оние странски уметници што излагаа во негова организација, главно дарители на Музејот.
Откупот на дела на уметници од Југославија беше раководен од целта на прикажувањето на ова творештво во колекцијата на Музејот: тоа е обидот да се докаже неговата суштинска, творечка припадност на светската ликовна уметност, како органски дел вклопен во неа според битно естетски, ликовни премиси. Притоа, Музејот сметаше дека за македонското ликовно творештво откупот треба да значи и одговор на неопходноста за почнување на систематски начин да се обезбедува неговото собирање, заштита, обработка, претставување.

### Карактеристики на првата варијанта на постојната поставка на МСУ

1. И во определувањето на битните елементи на физиономијата на првата варијанта на својата постојана поставка, МСУ тргнуваше од основните цели и задачи на своето дејствување. Тие го определија првиот принцип во компонирање на поставката: тоа е прикажување на творби чија физиономија ја изразува, низ сериозни ликовни вредности, својата обусловеност од највисоките стремежи на современата култура и уметност. Оваа ориентација императивно ја постави

[4а] Во колекцијата на МСУ во Скопје, заклучно со септември 1970., се наоѓаат вкупно: 2050 дела од 1020 уметници од 40 земји.

потребата Музејот, во обликувањето на својот обид да прикаже еден дел од единствената визија на уметноста на XX век, да тргне од уметничкото дело ,,како резултат, опредметена вредност" (М. В. Протиќ).

2. Идејно-естетската, културната и социолошката особеност на физиономијата на МСУ обуслови неговата прва постојана поставка да биде замислена како едно органско единство; во него треба да се здружат разновидни појави, личности и дела, распределени според своите особени стилски и непосредни творечки белези, во помали целини на еден кохерентен состав. На тој начин да се изрази идејата за единственоста на уметничкиот јазик кога непосредното остварување, уметничкото дело, се материјализира како израз на високи појдовни естетски критериуми.

Понатаму, заклучено е дека одделна личност треба во колекцијата да биде застапена со дела што најдобро ѝ одговараат на општите цели на поставката, а во исто време најцелосно и најповолно ќе ја афирмираат авторовата творечка физиономија. Оттука, уметници од кои Музејот поседува поголем број творби од разни нивни творечки периоди, се застапени само со дела што им одговараат на овие услови. Се разбира, ограничувањата произлегуваат и од невозможноста, дури и при засведочени квалитети, да се изложи сè што поседува Музејот.

3. Веќе со претходните укажувања е очигледно дека еден од главните принципи при составувањето на постојната поставка е и примената на мерила што ѝ припаѓаат на самата природа на уметноста. Притоа, треба да се потцртаат неколку моменти:

Поставката на Музејот не може да има амбиции, особено кога се однесува до странската ликовна уметност, за обликување на целосна историска панрама. Во поглед на странското ликовно творештво Музејот ќе се обиде на најразновидни начини да го следи неговиот историски тек: помалку со откупи, а повеќе со размена или позајмување на дела од други установи, од разновидни повремени исложби итн. Постојаната поставка во овој дел изразува и некои други моменти. Изборот на експонати од странските уметници се раководи и од бројот на подарените дела од дадена земја; поголемата застапеност од овој аспект не значи во оваа област, давање предност на таа земја во споредба со некои други. Респектирано е, по можност, и значењето на даден уметник за развитокот на ликовната уметност во земјата на која ѝ припаѓа, како и неговата улога воопшто во историјата на ликовната уметност или на нејзината сегашна еволуција.

Вклучени се и уметници што беа учесници во создавање на школи, правци и стилови, дури и тогаш кога Музејот не располага со најдоброто или со некое од најдобрите нивни дела. Водена е грижа за бројот на уметничките дела што некој автор ги подарил, па се вклучени и остварувања што можеби имаат поскромни квалитети. Интернационалниот карактер на колекцијата и претставувањето на дадена земја се застапени до максимум, особено во изложбата на графика.

Се сметаше дека ликовното творештво во Југославија треба да биде претставено со најистакнати личности од сите генерации и од сите видови ликовни определби, со карактеристични, одбрани дела. Притоа, не се следат напорите на други установи, што му даваат главен акцент на творештвото од својот национално-уметнички амбиент или имаат поширок задачи: во смисла на целосно, историско ретроспектирање на современото ликовно творештво во Југославија (МСУ, Белград).

Во сообразност и со ,,младоста" на творбите во неговата колекција (главно датирани од крајот на педесеттите години наваму), Музејот сакаше, во границите на своите можности и вложувајќи максимални напори во таа смисла, особено да ги афирмира авангардните и актуелните појави, личности и дела во современото ликовно творештво од Југославија. Изборот на делот што во тој контекст го сочинува македонската ликовна уметност е раководен и од реалноста дека Музејот дејствува во дадена национална културна и средина таа го обезбедува не само неговото материјално егзистирање, туку ја овозможува, треба да ѝ даде перспективи на неговата непосредна и идна културна акција и мисија. Меѓутоа и во овој избор максимално е одбегнато прикажувањето на дела што не произлегуваат од една изградена култура на ликовното гледање, конципирање и творење; вклучени се творби чијашто ликовна физиономија ги надминува локалните, културни, етнички и естетско-ликовни рамки и со кои македонското ликовно подрачје се стреми органски да му припаѓа на светот. Но видливо е настојувањето да се одбележи и автохтоното, автентичното, оригиналното; поврзаноста со традицијата, со посебноста на македонското подрачје, до колку ги има во одделни дела. Но овие придонеси на општата констелација на светското пластично-ликовно творештво, се третирани во функција на нивната сраснатост, поврзаност со основните цели на поставката. Застапеноста на македонските уметници во неа е сообразена и со фактот дека во

Скопје постои уште една сродна институција — Уметничката галерија, која исто така ја третира македонската уметност во својата постојана поставка. Сакајќи да значи суштинско, естетско-стилско надополнување, комплементарност, а не удвојувано прикажување на иста материја, Музејот се определи за еден поинаков принцип во презентирањето на ликовната уметност од нашата Република.

Инаку, со оваа поставка на Музејот и воопшто се постигнати можности Југославија да ги надополни, хронолошки или со дела со поинакви творечки и стилски белези, своите колекции на странската модерна уметност (во Народниот музеј во Белград се застапени дела од импресионизмот, неоимпресионизмот, надреализмот, кубизмот итн.) и на југословенското ликовно творештво, застапено во одделни национални и општојугословенски поставки во Љубљана, Загреб и Белград.

Конечно, од сето изложено произлегува дека нашата поставка е сватена како антологиска селекција на одбрани остварувања. Меѓутоа и во нејзиниот случај важи она што го одбележува М. Б. Протиќ за колекцијата на белградскиот Музеј: дека ,,меѓу една антологија и една музејска поставка со високи барања и мерила постои суштинска разлика. Секој музеј може да изложи само најдобри дела со кои располага". Точно е и неговото мислење дека со тоа изборот станува посуптилен и потежок: ,,Зашто вредноста на поставката не е само во простиот збир на вредности на изложените дела туку и повеќе или помалку од тоа — автономна, органски вообличена, критичка и историска панорама, посебна уметничка визија"[5].

## Некои специфичности на изложените дела

Поставката, како што се рече, содржи експонати создадени главно во последните десет до петнаесет години. Со оглед на тоа дека тие им припаѓаат на уметници со разни уметнички ориентации, во неа можат да се индицираат некои најважни правци, стремежи и појави од тој период во ликовната уметност. Преовладува ситуацијата карактеристична за времето од крајот на педесеттите, до средината на шеесеттите години. Таа е изразена низ разни варијанти на нонфигуративната уметност и на енформелот; на фигуративната уметност, низ тенденциите на традиционалниот експресионизам, на новата фигурација, надреализмот, поп-артот итн.; помалку се застапени тенденциите на новата апстракција, на оптичката (оп-арт) и кинетичката уметност, новиот реализам; потоа објекти, примарни структури итн.

Од странските земји најбогат и најразновиден е придонесот од Франција, застапена во постојаната поставка со над 50 уметници. Од нив голем дел се влезени во историјата на ликовната уметност на XX век, а други мошне впечатливо ја претставуваат и современата ликовна клима во таа земја и во Париската школа воопшто. Со овие автори најполно се претставени и сите тенденции и стилски насоки што инаку ја карактеризираат поставката, зашто тие се често меѓу најважните нивни носители, а неретко и нивното дело во поставката е остварување со високи ликовни квалитети и многу карактеристично за естетската клима на која ѝ припаѓа.[6]

Фигуративното сликарство е застапено со творби на повеќе уметници со различни ориентации и од генерации што твореле во Франција од почетокот на овој век до денес: Аликс, некогашен ,,кубистички експресионист", со дело од неговите последни години: нежни, светли, рафинирани бои, синтетични, асоцијативни форми; Громер, чиј цртеж, експресионистички поставен, содржи здржана сила, рационалност и творечка изразност; Ф. Леже, исто со цртеж што го изразува неговиот необичен третман на предметите: ги пресоздава во мошне лапидарен стил на геометризирани форми, задоени со кубистичка естетика; Сирваж, кој преку кубизмот дојде до геометризираната стилизација и деликатен колорит, користен за фини, декоративни композиции; наивците Лефранк и Виванкос; ветеранот Ф. Деноаје; конечно тука е творбата на Пикасо (од периодот на неговите ,,алжирски жени" и многубројни ,,глави на жени" од 1963 година), во која неговиот генијален пластичен усет, смислата за деформација, ,,сакатењето" на човечкиот лик се исполнуваат со извонредна експресивност и драматичност. Тука се ,,помладите", кои се хранат од сета духовна клима и сето искуство

---

[5] Миодраг Б. Протиќ: Предговор во каталогот на колекцијата на МСУ во Белград стр. 10—11, Белград, 1965.

[6] Овие белези најдобро се согледуваат низ сликарскиот дел, значително послабо во скулптурата. Во графиката се присутни неколку значајни имиња, со кои се дополнува француското присуство во колекцијата на Музејот. Графиката е претставена во посебен каталог од мојата колешка Соња Абациева Димитрова; јас тука само ќе ги споменам имињата на Естев, Базен, Масон, Лирса, Хартунг, Аликс, Бифе итн., за потврда на ова мислење.

на ликовниот XX век, а чија ликовна синтакса е ситуирана на меѓите меѓу неформното, асоцијативното, надреалното, експресионистички деформираното, агресивното и провокативното: на пример, В. Лам (од длабочините на потсвеста ги извлекува своите архаични, магични, надреално-кошмарни визии); Р. Жиле (енформелни агломерации, кондензирани во монструозни, хомо-анимални привиденија); Алешински, еден од групата Кобра (со нагласена, експресивна синтетичност на потегот, привидна ,,небрежност" на испреплетени линии обликува еден гротескен и делирантен свет); Атила (иронично-инфантилни и сурово експресивни структури, со звучно агресивен колорит); Иг Вајс (зајадлива, провокативна ликовност што се храни од современата урбана кошмарност), потоа Межијас, Кордес, Вимар итн. итн.

Од многубројните претставници на апстрактната и нонфигуративната уметност во поставката се застапени Манесје, со цртеж сведен на крајни, ,,метафизички" знаци — потези; Ле Моал, кој суптилно и нежно ја преобразува појдовната визуелна сензација во сочни, колористички симфонии; Сенжие, заинтересиран за строга, здржана организација на нефигуративни конструкции појдени од стварноста; Пињон, кој пластичната, дисциплинирана конструктивност ја здружува со силна, барокна емфатичност, насочена кон егзистенцијални и актуелни теми; Прасинос, кој здружува надреална атмосфера и апстрактна експресивност во вознемирени дисперзирани потези и површини со скржав, стемнет колорит; Дајез, кој преку кубизмот е дојден до стегнат геометризиран јазик на форми консумирани во деликатни колористички хармонии; Дмитриенко, кој пак преку кубизмот и Кле, се претвори во нонфигуративен сликар, во духот на лирската апстракција; Месажје е ,,апстрактен пејзажист" чии вознемирени, карактеристично обоени ,,витли — бури" на потези и површини, се инспирираат од состојбите во природата; К. Бријан, кој ја дефигурира стварноста, реагирајќи против шематските идеи и форми, разбирајќи ја апстракцијата како скриена ,,заговорничка" реалност; Озијасон, кој агломерира, комбинира сочни, пастуозни површини на звучни, нонфигуративни колористички плохи; Домото, близок до претходните во својата жед да ѝ соопшти на аморфната материја ,,вознемирувања", кондензирани во глатки и рељефни наслојки на колористички пигменти; Зао Ву Ки се изразува низ поетска, флуидна, атмосферско-пејзажна асоцијативност на колоритот и рафинирана, калиграфска сензибилност на потегот; Л. Зак исто така е чувствителен и нежен во допир со пластичните медиуми; Дусе е сиот во напорот да ја дисциплинира својата импулсивност и ја претвори во рафинирани, сензибилни ликовни сонати; Р. Дивије, кој го претвора платното во експлозии на звучно обоени, мечовидно-радијални линии; Мусиќ, со својата лирска трансфигурација на реалноста, низ широка скала стемнети, асоцијативно третирани бои; Сулаж, чие сликарство, со природна и монументална сила, се изразува низ масивен како блок потег, втопен во здржана палета каде доминира цела скала градации меѓу црното и сивото; Марфенг, во основата близок до својот колега, но поделикатен и флуиден, иако не и така драматичен; Шаршун, еден од ветераните, во последно време се изразува низ скоро ахроматски, пурифицирани површини на сликите; Вазарели, тој предводник на современите тенденции во геометриската апстракција и оп-артот, со картезијанска прецизност и чистота на интенциите, го претвора светот на сликата во геометризирани обликовни констелации; Дејрол, чие здржано и одмерено сликарство и припаѓа, во основата, на истата клима. А цела редица помлади уметници го остваруваат своето присуство во колекцијата преку дела што им припаѓаат на поновите истражувања во пластичните уметности; поп-артот, оп-артот, новата фигурација: Франта, Жерардиаз,

Од Италија во поставката се со слики претставени неколку истакнати личности: Гутузо, со пејзаж сведен на есенцијални индикации на природните нешта, низ еден ,,разблажен", светол колорит; Де Стефано, со темпера со распливнати, аморфни, растворени форми; Зигаина, кој обичното, секојдневното постоење го претвора во магични, надреални, халуцинантни состојби; Калји и Шалоја кои, на различен начин, со комбинирани техники и сложени пластични средства, материјата ја прават асоцијативна за некои состојби во стварноста и во егзистенцијата на нештата; Паулучи, чија нонфигурација е произлезена и од некои фовистички сеќавања; Бури, со слика во која композитните материјали се коагулираат во асептична, колористички скржава бело-црно, наместа ,,нагорена" констелација на ,,брчки" и ,,рамнини"; Бај, со една од своите бизарни слики, што ја егзалтира магичноста на чудесното исткаено од кошмарно-гротескни елементи, полни со иронија и изненадување; Алвиани, еден од најсензибилните истражувачи на визуелните ефекти од разновидна обработка на дадена метална површина; Барукело, со дело карактеристично за неговите чудни констелации на исписи, цртежи-сенки на нештата, некаква комбинација на деликатност, со рафиниран хумор и иронија; Санфилипо, кој е вознемирен

и здржан во исто време, а вљубен во асоцијативни ситуации за нешто провокативно и необично, колку и секојдневно.[7]

Чехословачкото творештво е претставено со уметници со кои донекаде се обележува регистарот на современите стремежи во него. Извесни реалистички концепции бегаат од тесните формули, а одделни тенденции кон поентилизмот (Јан Зрзави), надреализмот, (К. Вака) кубизмот, енформелот (Менчик, Кафка, Котик), геометриската апстракција, лирската апстракција и фигурацијата со поактуелни белези (Кривош) содржат особености на една посебна национална и културна средина.

Некои особености на полскиот ликовен израз во европската модерна уметност (изразени, почнувајќи од творештвото на Маркусис, Маковски, Евгение, Зак) се присутни и во делата од оваа колекција: на Цибис, еден од главните претставници на предвоената колористичка струја во Полска; на Бжожовски, полни со наметлива експресивност на колоритот смешана со надреалистички тенденции, вметнати во едно алузивно сликарство; Стажевски, еден од ветераните на конструктивизмот и геометриската апстракција, претставен е со слика — релјеф со нагласена едноставност на елементите; на Тжожевски, кој преку надреализмот навлезе во нонфигуративното сликарство во кое раскинатите, назабени форми се осветлени со една необична светлост; Б. Либерски, со една слика од серијата на неговите плакатски поедноставени и шематизирани претстави на современи градски амбиенти итн. итн.[8]

Англиското присуство е остварено низ сликите на Денис Бовен (апстрактно сликарство со оригинални техники, заинтересирано за магличести, ,,космички"-претстави); Колин Сакстон (широко гестуално, апстрактно сликарство, преда дено низ стемнета и впечатлива гама на бои); Џенифер Диксон; Кенет Роват (слика-релјеф, сведена на односи на бело-темни материјали профилирани со геометриска интенција); со цртежот на Дејвид Хокни (инцизивна, впечатлива прецизност и изразност на потегот во обликување на човечката фигура).

Уметноста на Америка, бројно скромно застапена, е присутна со неколку значајни имиња. Така Калдер, освен со скулптура, го среќаваме и со еден виртуозно, колористички ,,распеано" обликуван гваш; Д'Арканѓело, еден од претставниците на американскиот поп-арт и уметноста на ,,острите рабови", со слика што ја открива неговата духовно-стилска култура, прочистеноста, едноставноста и полнотата на неговиот ликовен јазик, импресиониран од урбанизираниот и техницизиран пејзаж; С. Шерман, која со болезнено-морбидна чувствителност за ,,декадентен" цртеж и боја, третира современи американски теми; Кристо, еден од најпознатите" ,,нови реалисти", е претставен со едно свое карактеристично ,,пакување"; провокативна, цинична персифлажа против фетишите и меркантилизацијата на нашето постоење итн.

Шпанија е претставена со неколку впечатливи личности. Тука се прво Миларес и Каногар, двајца од познатата четворка (Саура, Феито, Миларес и Каногар) на групата ,,El 'Paso". Миларесовото дело, од неговата фаза на ,,новиот реализам", е втопено во вжештената социјална клима и немирот на неговата земја, акцентирана со морбидни, агресивни, тродимензионални колажи-структури; Каногар дава низ синтетична ,,фигуративност" колористички и психолошки драматична визија, исполнета со архаични призвуци; тука е деликатниот апстрактно-асоцијативен гваш на Хернандез Пижуан и делото на Мил Луброт: композитна техника, која, користејќи секојдневни симболи (печатарски букви), креира една посебна ,,визуелна поезија".

Данска е вклучена со две значајни фигури: М. Андерсен, чиј пластичен свет е далечна, ригорозна и експресивна ,,преработка" на природата за да се сведе сликата на експлозивни судири на светло-темното; и Р. Мортенсен, заинтересиран за крајна редукција на ликовните медиуми, за нивното претворање во индикации, сенки на нештата, со геометризирани елементи и чисти, сурови односи на обоени, површини, во духот на систематското сликарство или новата апстракција. Од истите извори се напојува и сликарството на Белгијанецот Гастон Бертран. Претставени се уште Јапонија (Ј. Нома), Грција (М. Пиладакис), Унгарија (М. Шомош), Швајцарија (Д. Вирц, О. Далвит) и Луксембург (Р. Бертем).

Во делот на колекцијата резервиран за скулптурата и објектите се застапени повеќе земји.

Од нив најмногубројно е претставена Италија, со десет автори главно од постарата генерација; Базалдела (пасиониран истражувач во продуктите на примитивните и далечните цивилизации, со афинитет за архаична изразност), Зомаини (слободни расчлести биоморфни и флореални, нонфигуративно

[7] Да одбележам дека личности како Кара, Ѓедова, Сантомазо, Гверини, Гвересќи, Капогорси, Афро итн. се застапени со графики или цртежи, со што се индицираат некои од битните тенденции во оваа уметност.

[8] Широко, разновидно и мошне квалитетно е и присуството на редица чехословачки и полски графичари во графичкиот дел на колекцијата.

асоцијативни форми), Кола, Кало сите присутни со неволуминозна, нефигуративна скулпторска експресија, карактеристична за времето од пред неколку години; М. Маскерини (со една минијатурна кондензирана во формите женска фигура) и, меѓу помладите, Карино, чие дело им припаѓа на објектите и примарните структури.

